Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-559
Дата: 12.06.2026 година

[redacted]


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25), во врска со извршениот редовен инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр.1/ЛАКА Башно село Велес, одговорно лице Трајче Чукниев-управител, со адреса на живеење на ул. Васил Главинов бр. 74 Велес, ЕМБГ 0505980480016, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-559 од 08.06.2026г. го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башино село Велес да ги отстрани недостатоците констатирани во записникот ИП1 бр. 29-559 од 08.06.2026г. и тоа:

1.1 Да изготви документација за секоја одржана обука согласно Планот за обуки за 2026г.
Рок: 10 (десет) дена од денот на приемот на решението.

1.2 Да врши контрола на потрошената вода со читање на поставениот водомер во континуитет, а во извештаите да ги внесе количините на исцрпена вода преку поставениот водомер.
Рок: веднаш од денот на приемот на решението.

1.3 Да спроведе мониторинг на отпадната вода која по пречистувањето во станицата за третман на отпадните води се испушта во река Вардар.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.4 Да изготви точна пресметка на количините на ѓубриво кои се создаваат во делот на интензивно свињарство.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.5 Да обезбеди идентификациони и транспортни формулари

[redacted]

за предадените количини отпаден метал и гуми на овластениот оператор.
Рок: 10 (десет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субектот на инспекциски надзор од точките 1. на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 95 и 111 од Законот за животната средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши редовен инспекциски надзор над Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр. 1/ЛАКА Башино село Велес и состави Записник бр. 29-559 од 08.06.2026г., во кој е констатирано дека:

На КП 769/8 КО Башино село вон град е организирано вршењето на дејноста Кланица со проектиран капацитет од 100 свињи/ден и 330 јагниња/ден, Обработка на месо и сувомеснати производи – 3-5т/ден, Производство на храна за фармата – 3000 кг/час и интензивно свињарство од 250 маторици и 4000 товеници/годишно, во објект во сопственост на субјектот на надзор СИРМЕС-ТД ДОО с. Башино село Велес, оператор на инсталација, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола со бр. УП1–11/3-171/2023 од 24.03.2025г. При инспекцискиот надзор погонот на обработка на месо и сувомеснати производи е вон функција, односно не е започнат со работа.

При надзорот се констатира дека во делот на Управување и контрола во точка 2.1. од наведената дозвола, субјектот спровел соодветна обука согласно Планот за обука, но на крајот на годината изготвил еден генерален записник за спроведена обука на вработените, со една листа на присутни за десетина обуки. Тоа е направено во 2025г. и во 2026 до денот на надзорот. За секоја обука треба да се изготви записник, со дата и тема на обуката и листа на присуство на вработени кои ја поминале обуката, како доказ дека истата е реализирана.

Потребите за вода за производниот процес во кланицата и за напојување на свињите се задоволуваат од бунар, лоциран на КП

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

769/8 КО Велес. За црпењето на вода од подземно водно тело субјектот поседува Дозвола со бр. УП1-11/5-2438/2022 од 04.05.2023г. издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, со важност од 6 години. За мерење на количините на зафатена вода има поставено водомер, кој не се чита, туку се запишуваат состојби согласно проектираните количини од барањето за дозвола, што не е точно утврдување на количините на исцрпена подземна вода за вршењето на дејноста во инсталацијата. Услов 2.2 6 во А-дозволата пропишува: На бунарот да се предвиди и вгради мерен удред за континуирано мерење на зафатените количини вода и за истите да се води уредна евиденција на дневна основа.

Субјектот во 2026г. воопшто не извршил мониторинг на отпадната вода која по пречистувањето во станицата за третман на отпадните води се испушта во река Вардар. Согласно услов 6.3.4 од А-дозволата, фреквенцијата на мониторинг е 2 пати годишно. Од овие причини, при надзорот не е можно да се утврди ефикасноста на пречистувањето на отпадната вода во пречистителната станица, односно не може да се утврди дали границите за емисии во вода од условите од точка 6.3 во А-дозволата се во рамките на пропишаните вредности.

Во делот на изѓубрувањето од свињарската фарма околу објектот се наоѓаат канали за складирање на ѓубривото со капацитет од 100м3 кои водат до приемна јама со волумен од 50м3. При надзорот се констатира дека системот е затворен, односно не комуницира со река Вардар. Складираното ѓубривото од бетонска јама се препумпува во цистерни и се користи за наѓубрување на земјоделски површини, согласно склучени договори со физички и правни лица. Ако се земат во предвид количините на ѓубриво од фармата утврдени во Барањето за добивање на А-дозвола, споредено со количините на исцрпено ѓубриво по испратници и складирано ѓубриво во резервоарите, се јавува огромна разлика помеѓу создаденото и исцрпеното ѓубриво, од 57.800 тони/годишно евидентирани во Барањето за дозвола со исцрпени 1000 тони/годишно согласно евиденцијата, заради што е неопходно да се направи точна пресметка на количините на ѓубриво кои се создаваат во делот на интензивно свињарство, односно да се утврдат причините за вака големата разлика.

Во управување со отпадот којсе создава во инсталацијата е утврдено дека со отпадот се постапува согласно условите од дозволата, освен за отпадниот метал (количина од 20 кг.) и отпадните гуми (количина од 20 кг.) кои се наведени во Годишниот извештај за постапување со отпад за 2025г., а за кои субјектот на надзор не поседува документација за нивно предавање – Идентификационен и транспортен формулар за отпад кои треба да бидат уредно

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

потполнети, потпишани и печатирани и кои ја следат секоја пратка на отпад. Согласно услов 2.6.3 од А-дозволата: За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпадот ќе се води целосна евиденција.

[redacted]

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

- не се води посебна документација за извршените обуки;
- не се врши мерење на количините на подземна вода со поставениот водомер за вршењето на дејноста во инсталацијата;
- не е спроведен мониторинг отпадната вода која по пречистувањето во станицата за третман на отпадните води се испушта во река Вардар;
- не е направена точна пресметка на количините на ѓубриво кои се создаваат во делот на интензивно свињарство,
- не е обезбедена документација за предавањето на отпадниот метал и отпадните гуми кои се предадени на овластен оператор.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.
За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243